Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVËRIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-7231/6
14.10.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

Влада на Република Северна Македонија

Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20, 16/25 и 134/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 октомври 2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за утврдување на категорија на угостителски објект

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект хотел Брана Градче, со седиште на Нас. место без ул. систем бр. 1, Долно Градче, Кочани, ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб–страницата на Владата на Република Северна Македонија.

Образложение

ДПТУ РУДИ 2023 ДООЕЛ со седиште на ул. „Кирил Змбов" бр. 1, Кочани, поднесе Барање бр.УП1-13/501 од 11.12.2025 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект хотел Брана Градче, со седиште на Нас. место без ул. систем бр. 1, Долно Градче, Кочани, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр.УП1 13/501 од 5.2.2026 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/06, 87/12 и 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20, 16/25 и 134/26), Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

Институција	Влада на Република Северна Македонија
Датум/Време	13.10.2026 17:02
Верификација	Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=3fa07bd0-c2b2-4ba3-9ac9-e79661f5c5e3&materialId=8b281fd1-dc65-4023-a643-2cdc9b4ca4bf**

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.

Претседател на Владата на Република Северна Македонија

Проф. д-р Христијан Мицкоски

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2026.10.14 15:27:34 +02:00

Подготвил: Христијан Николов, 13.10.2026
Проверил: Никола Пасков, 13.10.2026
Контролирал: Зоран Брњарчевски, 13.10.2026
Согласен: Зоран Брњарчевски, 13.10.2026

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.10.14 09:33:31 +02:00

Институција	Влада на Република Северна Македонија
Датум/Време	13.10.2026 17:02
Верификација	Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=3fa07bd0-c2b2-4ba3-9ac9-e79661f5c5e3&materialId=8b281fd1-dc65-4023-a643-2cdc9b4ca4bf**

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.